**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
**ПОМЕЃУ**
**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**И**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**ОВОЈ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА** се склучува помеѓу Црвениот крст на Република Северна Македонија, претставен од Генералниот секретар, д-р Саит Саити и Државниот завод за ревизија (ДЗР), претставен од Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски, во натамошниот текст "договорни страни" со цел да се регулираат взаемните односи за соработка на двете страни.

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

**ВОДЕНИ** од желбата да се воспостави соработка за остварување на взаемните цели и реализација на заеднички активности од интерес за вработените, членовите, волонтерите и поддржувачите на договорните страни и јавниот и хуманитарен интерес на граѓаните на Република Северна Македонија;

**ИНСПИРИРАНИ** од Основните Принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина: хуманост, независност, неутралност, непристрасност, единство, волонтерска служба, универзалност и Универзалната декларација за човекови права на ОН, како и правото на хумано живеење и помагање и грижа за подигнување на свеста за ранливите категории граѓани;

**ПРЕПОЗНАВАЈЌИ** го потенцијалниот бенефит од соработката, Црвениот крст на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија.

**СЕ СОГЛАСНИ НА СЛЕДНОВО**:

**Член 1**

Договорните страни ќе ја реализираат соработката на сите полиња наведени и опфатени со овој Меморандум, а заради зајакнување на заедничката доверба и користејќи и практикувајќи ги најдобрите форми и методи.

**Член 2**

Договорните страни взаемно ќе се поддржуваат и солидаризираат при организирање на јавни настани и други форми на активности кои придонесуваат кон промовирање на целите и задачите на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија.

Договорните страни ќе се залагаат и ќе поддржуваат заеднички иницијативи и активности за поттикнување, развивање и помагање во областа на крводарителството, првата помош и психосоцијалната поддршка, социјално - хуманитарните активности и обезбедување помош и поддршка на различни целни групи на население, справување со предизвици и опасности како резултат на природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот.

Црвениот крст на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, се согласни да промовираат и обезбедуваат взаемна поддршка и соработка со други институции и организации, како и координирање во имплементација на активностите и меѓусебно информирање и известување.

**Член 3**

Договорните страни ќе го промовираат доброволното крводарителство преку организација на крводарителски акции согласно годишен план на Црвениот крст на РСМ, обезбедувајќи просторни услови за спроведување на крводарителските акции за вработените на ДЗР и преку учество на активности како обуки, презентации, советувања наменети за промовирање на крводарителството како хумана вредност и постојаната потреба на крв и крвни продукти во РСМ.

Договорните страни ќе се залагаат за заедничко учество на активности за промовирање на првата помош, пред се заради позитивните импликации кои ги има кон здраво и безбедно живеење и подготвеност на заедницата при итни состојби и несреќи.

Договорните страни заеднички ќе работат на организација и учество во кампањи за промоција на здравствено - превентивни и социјално - хуманитарни активности и обезбедување помош и поддршка на различни целни групи на население, со цел да се намали нивната ранливост и да се зголемат капацитетите за справување со одредени социјални ризици.

Договорните страни ќе се залагаат за соработка и учество во активности како обуки, презентации и советувања наменети за превенција, рано предупредување и справување со предизвици и опасности кои може да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните, културните и природните добра како резултат на природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот.

**Член 4**

Останатите форми и начини на соработка кои се од заеднички интерес на двете страни, а не се опфатени со овој Меморандум, ќе бидат договорени на заеднички средби помеѓу претставниците на двете организации, на кои ќе бидат утврдени потребните договорени активности.

**Член 5**

Овој Меморандум за соработка се склучува на неопределен временски период и може да подлежи на измени и дополнувања со согласност на двете страни.

**Член 6**

Овој Меморандум не создава било какви законски права и обврски за ниедна од двете договорни страни.

**Член 7**

Меморандумот влегува во сила со датумот на неговото потпишување.

**Член 8**

Во случај на било каков спор или потешкотија во примена на одредбите од овој Меморандум, договорните страни меѓусебно се консултираат со цел да се најде заемно прифатливо решение. Доколку било која од страните одлучи да го прекине Меморандумот за соработка, тоа мора да го направи со формално писмено известување до другата страна, наведувајќи ја причината.

**Член 9**

Овој Меморандум е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по две (2) за секоја договорна страна.

Скопје, __________ год.

за Црвен крст на
Република Северна Македонија

Генерален секретар
д-р Саит Саити

за Државен завод за ревизија

Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0307-8134
30.09.2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-869/1
30.09. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP